# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 ноември 2007 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 15,23 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше потпретседателот на Собранието на Република Македонија господин Иван Анастасовски.

**Иван Анастаовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата ќе почнеме со работа.

Почитувани колеги,

Продолжуваме со работата по 76-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Цветанка Иванова, Оливер Спасовски, Неждет Мустафа, Лазар Китаноски, Никола Рилкоски, Данаил Дончев, Весна Јаневска, Валентина Божиновска, Љубиша Георгиевски, Лилјана Поповска, Љубчо Георгиевски, Силвана Бонева, Анета Стефановска, Слободан Најдовски, Илија Димовски, Горан Мисовски, Мирјана Секуловска, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Абдулади Вејсели, Хазбие Ибиши, Али Ахмети, Фазли Велиу, Агрон Буџаку и Ајше Селмани, Радмила Шекеринска, Славица Грковска, Никола Поповски, Ацо Киров, Борис Кондарко, Верица Филипова и Стојан Андов, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме по точката 11 - Предлог за донесување на закон за Комитет за односи меѓу заедници, со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Пријавен е Алити Радис, јас не го гледам во салата.

Во тој случај, има збор по текстот пратеник господин Аднан Јашари, повелете.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам годподине потпретседателе.

Ќе се потрудам уште еднаш, во кратки црти да укажам или да дадам мои лични ставови по однос на предложениот текст, иако се произнесов во однос на ова прашање, но ќе се потрудам да не се повторам, за бидам појасен и подециден.

Така, како што се нагласи и во минатото, за еден нов предлог, за нов закон, закон што до сега не беше составен дел на правниот систем, тенденцијата, настојувањето е на директен начин да се операционализира еден уставен амандман што е во однос дирекно со прашањата поврзани со Комитетот за односи меѓу заедниците.

Уште во членот 1, предлагачот преку овој закон укачува на прашања што се уредени или се составен дел на текстот на овој закон. Уште еднаш ќе го нагласам прашањето во однос или е поврзано со работата на овој орган, на Комитетот и посебно е поврзано со членот 12, каде што и во моето излагање нагласив, кажав конкретен предлог како треба да биде или како требаше да се предвиди во овој текст.

Мислам дека би било добро, заради ефикасност на овој орган, предлагачот во членот 12 да предвиди посебнислужби, независни од Собранието, затоа што се говори за еден не независен орган, туку орган што може да се идентификува со парламентарните комисии како работни тела. Се работи за едно прашање што се дебатираше на широко и во однос на предложениот амандман од страна на Владата или двата амандмани од страна на Владата. Едниот амандман за кој јас дебатирав, расправав и посебно дебатирав во делот на формално-правниот и практичен аспект, а е поврзан директно со делот, каде што предлагачот на амандманот се повикува на таканареченото донесување на Изборниот законик во иднина, за што го кажав моето мислење. Ќе повторам уште еднаш.

Мислам дека, сакајки во оваа насока да дадам придонес во врска со усогласувањето на предложениот текст во правниот систем и посебно со Уставот, јас гокажав мојот став. Ќе повторам, моја оценка е дека вака, како што е предложен овој дел е во спротивност со Уставот, со уставните одредби, бидејки правниот систем на Република Македонија не дозволува такво гласање што ќе овозможи најмалку или првенствено да се гласа за дел од правен акт, во оваа насока на Изборниот законик или да кажам да се гласа за правни одредби, а по ова да се гласа за актот во целина.

Отука ја спредложив, но по се изгледа предлагачот не го зима во предвид мојот став и укажување. Жалам, иако сум длабоко убеден дека во оваа насока, во моментот кога ќе се предложат измени и дополнувања на Изборниот законик ќе имаме одредени пречки. Но, право е на предлагачот да ги прифати сугестиите или ставовите од страна на пратениците, како што е негово право и да не ги прифати.

Тоа што посебно сакам да го нагласам е дека еден од амандманите на Владата, со што таксативно се нагласува што воиднина или како ќе се гласа за законите во иднина, закони што се за употребата на јазикот, образованието, личните документи, културата, употребата на симболите и т.н., се говори за амандман предложен од страна на Владата, со што се сака на д се да се да се конкретизира прашањето во однос на уставниот амандман, а што во суштина значи или прецизирање на закините што ќе се носат во иднина, а се поврзани со овие одредени области.

Кога расправавме за Деловникот, како што знаеме , листата на закони беше составен дел од Деловникот за работа на Собранието. Во тој момент се произнесов овде и нагласив дека, до колку се донесе тој предлог од тој Деловник, без овој додаток, овој дел, уште тогаш нагласив дека ќе се ограничи прашањето на донесување закони

со двојно гласање. Нешто што непосредно, директно го дерогира уставниот амандман или уставната норма и сето тоа правеше овој дел да биде во директна колизија со Уставот или уставните одредби.

Уште од тој момент јас нагласив така како што беше формулиран, тој дел беше во колизија со Уставот, затоа го кажав моето мисење, преку кое барав ова прашање да не биде формулирано на тој начин, туку да се усогласи со Уставот, преку вградување или предлагање на еден таков пасус, дополнителен дел, што во суштина ќе гласи прецизирање на уставните одредби. Но, со оваа одредба е добро што не се дефинира листата на закони или не се ограничуваат предлозите на закони поврзани со претходно искажаните области, што значи во иднина да можат да се носат со двојно гласање или со Бадинтер.

Тогаш и сега ова ќе го аргументирам со еден факт дека правниот систем не е статичен систем. Тој е еволутивен систем, законите се менуваат секојдневно, секојдневно имаме нови предлози преку кои ги донесуваме законите што не се составне дел на системот, а непосредно можат да бидат делови на одредени области.

Оттука, уште еднаш ќе нагласам, добро е што Владата во оваа насока, преку овој амандман на овој закон или овој закон за односи меѓу заедниците го усогласи во целост со уставната одредба или уставниот амандман што го уредува ова прашање.

Со ова ќе привршам со моето излагање. Ви благодара,

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Има збор пратеник господин Незири Сафет, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Уште поодамна расправавме и добро се анализираше во насока на тоа да се стави на дневен ред еден закон што произлегува од еден политички договор, договор сокој што се бара и е политичко расположение не само на политичарите во Република Македонија, туку и на сите граѓани во Република Македонија, еднаш засекогаш да отпочне и да имаме една клима, атмосфера на соработка и клима на реципрочен договор помеѓу политичките субјекти во Република Македонија, што има една релативно значајна тежина и тежина што може да одлучи за иднината на државата и општеството во целина.

Тоа значи дека треба да се поздрави една ваква иницијатива. Мислам дека е крајно време да се иницира Предлог на закон за односи меѓу заедниците, да се направи Комитет за односи меѓу заедниците во Собрание. Тоа самото по себе произлегува од еден договор, Мајски договор или поинаку наречен политички договор Ахмети - Груевски.

Во досегашните анализи и моите дискусии што сум ги имал во минатото, сум дал мој аспект, критичен аспект во позитивна насока да се дадат проценките и да се изнесе се што е продуктивно и позитивно за релаксирање на односите не смао во Собранието, туку и односи што се одразуваат и на нашите граѓани.

Посебно се уредуваат неколку прашања во меЃуетничките односи. Врз основ ан амногу членови што сме ги прочитале, наиситна се елиминираат некои злоупотреби што се вршеле, посебно на последните парламентарни избори во Република Македонија. Исчистена е, отстранета дилемата, ние како ДУИ сме го нагласиле, добро сме го нагласиле сето тоа дека неколку конвергирања, што се направени посебно од етнички аспект, од една национална во друга национална припадност, само со цел да се обезбеди едно релативно мнозинство во делот на Комитетот за односи меѓу заедниците, мислам дека сега ниту еден пратеник нема да се стави во една такв апозиција, како што се случи во овој состав. Секој пратеник кога ќе се кандидира на изборните листи, сигурно дека ќе се изјасни на која припадност припаѓа. Ова појава се надмина со овој закон.

Мислам дека, анализирајќи го, а ова го велам и за јавноста, овој Комитет, кој прашања од многу предвидените прашања од Мајскиот договор, предвидуваат измени и дополнувања на Законот за локална самоуправа, потоа Законот за утврдување на имиња на улици, плоштати, мостови и други инфраструктурни објекти, Законот за лична карта, Законот за патни документи, за државјанство на Република Македонија, Законот за матична евиденција. Ова се неколку елементи. Но, исто така и Законот за култура, Законот за празници на Република Македонија, Законот за употреба на знамињата на етничките заедници во Република Македонија, грбор, химната и т.н.

Но, исто така, со наша иницијатива или по наше барање илисо потребите што треба да бидеме еднаква заедница со другите заедници, фактички Владата виде упатно дека беше дел од договорот, да се интервенира преку амандмани и е децидно нагласено дека идните закони што ќе се носат треба неопходно да се гласаат со двојно гласање илисо таканареченото Бадинтерово начело,како што е на пример Законот за употреба на јазиците, образованието,лични документи, култура и употреба на симболите и т.н.

Крајно време беше да се исполнат некои предуслови од актуелната Влада и целата Репбулика да бидат како појдовна компонента во реализирањето на Мајскиот договор Ахмети-Груевски, да се исполни еден од клучните услови Македонија да биде послободна и подемократск аза нашето зачленување во НАТО структурите и нормално треба да се исполнат и други услови Македонија да ги исполни и другите предуслови да го добиеме датумот, да отпочнеме со преговори, да тргнеме кон големото европско семејство.

Мислам дека ова се клучните точки што сакав да ги искажам во делот на моето излагање. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Има збор господин пратеник Матоши Ружди, повелете.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине потпретседателе.

И јас сакам да кажам неколку зборови во врска со тоа што се расправаше околу еден таканаречен договор што парламентарната група на ДУИ се труди да го претвори Охридскиот договор во еден договор на нивни политички посакувања и желби и на политичкото скршнување на клучните сегменти за албанското прашање овде во Македонија.

Пред јавноста сакам да изнесам еден елемент за континуитетот на работата, како дојдовме до ова.

Јавноста знае дека ДУИ го бојкотираше Парламентот во одредено време, каде како компромис, за да се врати во Парламентот, имаше неколку средби со ВМРО-ДПМНЕ и донесоа некоја хартија каде имаше 5 точки. Првите три точки се овие за кои се расправаше овде, што треба да се реализираат, додека другата точка е точката за рехабилитација на паднатите борциод 2001 година. ДУИ, во тоа писмо со ВМРО-ДПМНЕ ги нагласи како жртви од 2001 година.

Ова е една голема грешка што тие ја прават во еден опасен и би рекол несериозен елемент.

Тука е и елементот на јазикот. До колку ДУИ е јака и овие мажи кои велат дека имале позитивен договор за Албанците, јас сакам да објаснам некои работи и на јавноста да и кажам дека работни средби, работни тела меѓу ДУИ и ВМРО, во врска со оваа работа имало.

И доколку имало работни групи, зошто овие патриоти на ДУИ кои разгласуваа дека говорат за добар договор не го испеглале овој договор и денес да не ни говорат цел ден дека имало амандман од Владата, не е внесен законот за јазиците и кај законот за Комитетот и ова не е се сосема добро и не знам за кои други работи ни кажуваат на оваа пленарна седница. Тие треба да бидат јасни и прецизни дали имаат договор, или немаат договор. Нека ги објават имињата на тие луѓе кои се договориле за да имаат закон за Комитетот, кои се тие лица кои се договориле со работната група на ВМРО ДПМНЕ. И ние не можеме прашањето на јазиците да го ставиме како на берза, толку проценти, или толку проценти. Албанскиот јазик е уставна категорија. Ние како политичка сила нема да дозволиме на ниту еден начин да се тргува со албанскиот јазик како што некој тоа го посакува, или како што некој го воведува ДУИ да го направи тоа. Некогаш влегуваат во Парламент, кога влегуваат во Парламент, ова направи го под овие услови, кога ќе почнеш да дебатираш, дебатирај под овој, или под друг услов. Доколку тие се инструмент на некој друг, не можат да ја инструментализираат и политиката. Прашањето на јазиците е сериозно прашање, политичкото прашање на јазиците е сериозно прашање. Затоа кога ќе се зафатиш со една работа, или одведи ја до крај, или немој да ја правиш вака како што сте почнале вие почитувани господа. Ова што го правите вие е голем срам од причина што не можете да не лажете нас овде и целата јавност. Ако сте се сретнале со групите на ВМРО, кажете за што сте се договориле. Ако сте се договориле, кажете дека сте се договориле за ова и ова. Нема трговија со албанскиот јазик. Тоа никој нема да ви го дозволи, но ниту ние нема да го дозволиме тоа. Ако сте сериозни со ова треба да крај да ја реализирате таа работа. Никој не ви дозволува вака да работите. Ако толку многу го слушате Бранко Црвенковски да ве инструментализира до крај, ние немаме намера тоа да го дозволиме. Овие цинкарии во политиката, ова чини скапо. Ве поканувам јавно, кажете ги луѓето кои биле во групата со ВМРО ДПМНЕ и работеле и за законот за Комитетот. Кои се тие лица? Дали се договориле тие лица, дали го испеглале ова прашање до крај, или си игравте играчки како што играте играчки четири години во Владата. Вие сте тие кои го направивте најголемиот прседан за албанскиот јазик во овој Парламент. Преседанот на патните исправи не се дозволува и не ви дозволуваме да го правите понатаму. Вие сте тие кои се рекомпонира, или се исполни законот за македонските паднати борци. 17-те пратеници од вашата група ги отворавте очите кон овој Парламент и ниту еден не отвори уста паднатите борци албанци да добијат бенифиции како што добија македонците. Значи, да расчистиме некои работи. Не може оваа политика, да се прави како чаршиски муабет.

**Иван Анастсовски:** Три минути реплика господинот Сафет Незири.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине потпретседател.

Ме изненадува нервозата кај Ружди Матоши не знам зошто е толку нервозен. Јас го разбирам човекот дека политичкиот неуспех на ДПА е еден од главните фактори, можеби главен елемент и самиот Ружди Матоши. Зошто велам Ружди Матоши, или пак парламентарната група на ДПА. За година ипол не беа во состојба ниту една политичка национална агенда да ја помрднат од место. Само по себе ја примора албанската опозиција да преземе конкретни чекори и да су герира и да ги учи како се работи и од позиција на опозиција, но и од страна на власта. Оваа парламентрна група и неговата политичка структура ветија дека во првите 60 дена ќе се реши статусот на бившите борци, војници на ОНА. Не го направивте тоа. Овој човек знае да дава забелешка околу Законот за пасошот. Од 1998 до 2002 беа на власт. Зошто не го донесоа законот за употреба на албанскиот јазик, зошто не донесоа закон за употреба на патни исправи, како што е пасош, на еден, два, три јазици итн. Тоа го направи некој друг. Зошто тоа не го прави? Еве, 16 месеци е во Влада, да преземе мерки да го измени постојниот закон што го донесе ДУИ. Нема

политички капацитет во оваа насока. И сега да не продаваат магла и политика затоа што да бев јас на негово место кој што не ја прифаќа политиката на Ахмети и Груевски, јас не би учествувал на оваа седница да дискутурам околу програмата Ахмети, Груевски, туку би заминал дома, или пак би се занимавал со некоја друга работа, како што го направи тоа нашата парламентрна група. И само по себе како резултат на еден бојкот што е демократско средство и институционално, вие требаше преставници на парламентарната група на ДПА да не го направевте тоа за да го бојкотираме ова прашање кое што ние политички го договоривме  и почна со реализација на таа политика, да го направевте самите вие, или можеби ќе ве поддржевме во сето тоа доколку имавте предлог закон, се разбира умен и пред се да биде национален. Ние секогаш не се лутиме дека губитникот има право да се лути, победникот ја продолжува својата национална политика.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика господинот Ружди Матоши.

**Ружди Матоши:** Ние можеме да си зборуваме цел ден. Овде работата е сосема конкретна. Вие господа имате работна група со која работевте со ВМРО ДПМНЕ. Кои се имињата на тие лица кои работеа во таа група? И зошто денес не ви е испеглан законот кој треба да се вгради во листата на закони. Во однос на тоа кој, што, каква политика води е една наука која се вика историја. Таа секому му кажува како треба да се работи. На секој од нас кои работиме во политиката ќе ни каже и убаво ке напише кој, што прави. Јас бев конкретен, кои се тие лица кои се виновни зошто законот не е испеглан, како што требало да биде.

**Иван Анастасовски:**  Има збор господинот Азиз Положани.

**Азис Положани:**  Почитуван господине потпретседател, почитувани пратеници, дозволете ми и јас да земам учество во овој дел од процедурата за донесување на законот за Комитетот, имајќи го во предвид фактот дека тој доби дефинитивна форма, онаква како што доби и дозволете ми онака како што го направија и претходните говорници и во останатите фази да ги образложиме за вас и за јавноста за патот и причините како дојде овој закон и тоа што не очекува нас по овој закон. Сакам да кажам дека законот е резултат на политичкиот волонтаризам во коментирањето и третирањето на Охридскиот договор, злоупотребувајќи ги малите недефинирани простори и оваа злоупотреба да се ориентира, или да се коментира во функција на политичката  волја на најголемата политичка партија како што е ВМРО-ДПМНЕ. Соочени со една ваква ситуација кога слабостите, или празнините, подобро би рекол на Охридскиот договор беа оставени како елементи , за мене, кои требаше да се надминат со политичка зрелост, со политичко разбирање и со волја да биде потребата на  нивото на политичката волја всушност од страна на тогашниот мандатар беше создадена една ситуација кога работата беше злоупотребена во насока, а тоа беше насока  на започнување на демонтирање на Охридскиот договор. На некој начин со сите останати чекори кои што продолжија и сеуште продолжуваат во однос на некои елементи се создаде една метафора на ниската политичка доверба на заедниците во Република Македонија. Јас реков дека стана метафора. За жал, законот претендира да ги разреши во детали сите елементи кои треба да се подразбираат, кои произлегуваат од Уставот и Охридскиот договор и тие да се надминат со политичка волја и разбирање  и со политички капацитет. Во недостаток на овој капацитет, ние се соочуваме со една заедничка потреба сега и на овој Парламент се што во една ваква ситуација на многу ниско ниво на разбирање и верба меѓу политичките фактори, значи се да гледаме преку милиметри, преку закони. Тоа е мое лично мислење. Дали е тоа добро со еден ваков пристап со овој закон и со овие закони во целина и со оваа логика да продолжиме и натаму, или пак не правиме добро?

Од аспект на политички систем, заменик министерот за правда е тука, тука се и пратениците кои подобро ја разбираат политиката и можеби ќе се согласат со мене дека за жал, недостатокот  на демократската свест и демократската зрелост за одговорноста која и е потребна на Македонија во овој момент да се замени со  заладување, правејќи секое разрешување формално правно на законот и со што полека, полека ние се вртиме околу себе како свилена буба за создавање на една  нова нитка. Но за жал, навистина е приморан во самиот себе, внатре во самото тоа  да се задуши. Не е добро, или пак нема некое асоцирање за тоа  што треба да се постигне со овој закон. Но, мислам како практика за политичкиот систем е практика која што овозможува, или оди пак до ригидноста, до таа мерка   на политичкиот систем кој потоа го прави неспособен да се снајде кога политичко правниот систем на државата е потребна една флексибилност во сето тоа. Значи, не е наша желба, ниту волја, ние сакавме да се имплементира она што треба да се имплементира Охридскиот договор онака како што е напишано во  пишаниот дел, бидејќи има делови кои што се имплементирани во Уставот и во законот, но потоа  и дух кој што е  во анексот кој се однесува како со основните принципи во првиот дел, но и до мерките за изградба на заедничка мусебна доверба, значи кои што се дадени како рокови, а некои  останувaaт од страна да бидат дел на еден континуитет на политичките сили како што се грижа за  правна држава, за правична застапеност на заедниците и тн. Значи една ваква грижа постојано треба да постои. Во првиот дел беа дефинирани некои бројки за полицијата и војската, бидејќи тие имаат посебно значење  во однос на стабилноста на мултиетничко општество. Од овој аспект ние сакаме да веруваме дека донесувањето на овој закон и на оваа логика и натаму до колку  не се рефлектираат сите политички сили, мислам дека може да се претвори во спротивното за сите нас и потоа да лупаме глава, така што не ќе може да се

соочи со секојдневните потреби кои секогаш се резултат на ниското ниво на меѓусебната доверба меѓу политичките партии. Јас посакувам ова ниско ниво кое што е на штета и на имиџот на Македонија и на Парламентот, но и на државата во целина, особено виза ви нашите аспирации за интеграции да се надмине што побрзо со една самодисциплина на сите оние кои што се одговорни, затоа што за жал, овој пат не е пат кој што произведува функционален систем не само мултиетнички, туку и демократија во целина. Затоа бидејќи ние ја гледаме таа реална ситуација која што е создадена од импонирање на еден ваков дух арбитрарен, ние бевме приморани во оваа фаза да предложиме, ова што го имате пред вас, барем најмалку, или минимум да не дојдеме во ситуација слична на овие кога се создаваат, или се етаблираат инструменти кои што се замислени во Уставот во однос на разрешување на меѓуетничките проблеми. Охридскиот договор е силна основа и уставна за создавање на нови меѓуетнички односи. Но, никој не може да рече дека меѓуетничките односи со тоа завршува и нема да има никогаш потреба во политичкиот систем тие да се третираат. Ние треба да ги витализираме и да ги употребиме внатрешните институционални инструменти да одговорат на сите предизвици во иднина. До колку тие ги допреме, до колку тие ќе бидат потценети од страна на волонтаризмот, дневната политика, тоа значи дека ние не правиме добро на демократијата, ниту на Македонија, ниту на Парламентот. Затоа овој резултат, овој договор кој што е дел, како што ви е познато тоа се пет точки потпишани, или пак договорени на 29 мај од два политички субјекта претставени од господата Никола Груевски и Али Ахмети е првиот дел од договорот кој што треба да продолжи според овој договор со разрешувње на проблемот на бившите припадници на ОНА и давање на позиција на Парламентот законот за јазиците за кој што сите треба да дискутираме и да се согласиме, како што рече господинот Матоши, да биде многу подобар како закон, а тоа е закон кој фактички ќе ги рефлектира сите наши согласности со НАТО и Европската унија. Јас тоа го реков и во Комисијата, ќе го повторам и сега, тој закон произлегува како уставна потреба од точка 5, амандманот и тоа бездруго мораме да го решиме.

Второ, што е позначајно Македонија треба да избега од дното на ниската доверба врз основа на создавање на соодноси со меѓусебна почит, а меѓусебната почит, парадигмата на сето ова е јазикот. И ние ќе покажеме со тој закон дека на граѓаните на Македонија не им пречи јазикот на едниот и на другиот. На граѓаните не им пречи јазикот на соседот. Овој закон не допира, или пак не го крши правото на останатиот, на една друга заедница со која што сме живееле толку многу и ќе живееме и во иднина, не верувам дека Македонците ќе имаат нешто против, бидејќи тоа апсолутно не им загрозува никакво право, дури и нивниот јазик. Затоа јас верувам дека со овој закон ќе се отвори патот на едно поинакво разбирање меѓусебно и издигање на повисоко ниво на разбирањето и довербата за создавање на нови соодноси на нашите меѓусебни релации. Затоа јас мислам дека е направен еден пропуст, или пак одбивање непринципиелно со одбивањето на амандманот кој што ние сакавме на некој начин да го дополниме како што беше договорот за јазикот, не дека не го прифати мнозинството, туку најголемата штета дами и господа, е тоа што Парламентот не дозволи да се дебатира за ова, а што е еден пропуст демократски, а тоа е за доброто на нашиот Парламент, ние треба да седнеме и треба да се договориме дека не смее да се дозволи едно вакво нешто. Значи, априори да се одбиваат и да не бидат составен дел од дебатата и со аргументи да дебатираме, или да доминира она што би требало да доминира.

Што се однесува до супстанцата, мислам дека стана добро и со нашиот втор амандман и со амандманот на Владата кој што беше сличен со него, се обидоа да се надмине оваа ситуација со вклучување во параграфот 4 како закон кој што сеуште не е дефиниран, како можност и нормално како уставно дефинирање и законот за јазик и другите закони кои што се однесуваат за културата, итн, кои што произлегуваат од уставниот став, да бидат донесени со Бадентер, бидејќи поинаку и не може да биде. Не може овој закон да заврши со амандмани или со ставот, со ставот во членот, само ги набројува законите, туку треба бездруго да се додаде уште еден став кој што фактички го става во функција и уставниот став дека секој друг закон со јазикот, со културата итн, би требало да се донесува со Бадентер, затоа што доколку не постоеше овој амандман, законот ќе беше неуставен. Не може да биде потесен во однос на Уставот. Затоа, е создаден еден простор и она што е најглавно, имајќи предвид дека овој договор, Мајскиот договор стана дел од агендата на Македонија за НАТО и тоа е обврска на Македонија за НАТО. Не за партиите посебно кој што го потпишале тоа, туку за НАТО дека законот за јазик и разрешување на состојбата на бившите припадници на ОНА, доколку се рече дека во агендата на НАТО треба да се донесе закон за јавното обвинителство, да се комплетира Републичкиот судски совет до крајот на декември и да се разреши прашањето или да се опфати прашањето како ќе се надмине проблемот со третирањето на бившите припадници, до крајот на јануари треба да се донесе закон за дискусија, закон за јазиците. Иако, агендата од 29 мај стана дел од агендата за НАТО о обврска на сите органи на Република Македонија, мислам дека ние постигнавме да и помогнеме на Македонија во чекорењето кон НАТО, кон Европската унија, Македонија или нејзините органи да не ги оставаат настрана правата на граѓаните, да не ги оставаат настрана прашањата кои што останаа неразрешени од претходниот мандат, туку во континуитет треба да се разрешуваат онака како што е предвидено. Тоа е веќе најголема помош за Македонија, за нејзиното чекорење и станување член на евро атланските структури, која што ги прифаќа

државите чии граѓани не се задоволни и кои имаат вистински барања во однос на човековите права и слободи и барања кои што ги стабилизираат општеството и се друго, рефлектирајќи го општеството и во една мултиетничка држава, која што рефлектира со сите инструменти и со сите структури.

Затоа, мислам дека еден ваков исчекор денес или кога ќе дојде за гласање ќе биде добар придонес за надминување на лошото интерпретирање и дејствување на некои политичари, односно злоупотребата на просторите што беа оставени заради недефинирање во однос на Охридскиот договор и вклучување на сите елементи кои што ги оптоваруваат меѓуетничките односи, без оглед која партија на која и чија страна е, токму заради граѓаните на Република Македонија, без разлика дали се Македонци, Албанци и останатите, тоа е отворање на пат со имплементирање на сите овие, кои сега се дел и на агендата за НАТО односно за прифаќање кандидатура за НАТО. Ние веруваме дека со целосната реализација на овие точки, ние на најдобар начин се помагаме себе си, најмногу и најдобро и помагаме на Македонија но и на стабилноста на државата.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три мунити реплика за пратеник Матоши Ружди, повелете.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам.

Јас внимателно го сослушав пратеникот Азис Положани. Пратеникот Положани беше министер во минатата Влада. Неговиот колега кој раководеше со Министерството за правда предложи еден нацрт за законот за јазиците. Тука е и потписот на министерот и на неговата партија. Јас не знам дали го прочитал тој нацрт закон за јазиците, но во целост се забележува една несериозност на ДУИ за акутни прашања, супстенцијални прашања на Албанците на Република Македонија и во однос на Охридскиот рамковен договор. Како тој нацрт закон исто како и се рекомпонира на законот за Македонците борци, така и за пасошот, Законот за патни исправи, така и денес за Законот за Комитетот, се забележува дека овие луѓе не знам дали се во политиката да се воведат работите на место или се во политиката само за да добиваат плати и да кажуваат патриотска поезија на Албанците, колку тие се патриоти и да дејствуваат со вакви нешта. Мислам дека прашањето е многу сериозно, од тоа што го изложи господине Азис. Толку е ова прашање сериозно, што вие постапувате на делитантен начин од причина што на најсериозните прашања не им посветувате сериозност, туку напротив ги компромитирате истите и ги дерогирате, како што се најакутните закони од Охридскиот договор. Затоа, работава е многу едноставна за да се расчисти, толку едноставно ова прашање, што значи треба да ни кажете кој беше во работната група, дали сте го испеглале овој закон за јазиците, како сте го испеглале и договориле и дали излеговте од таа работна група со документ. Затоа што, ова не е работа за да се играме играчки.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика господин Положани Азис, повелете.

**Азис Положани:** Почитуван колега,

Сакам да ви гарантирам дека од самиот почеток на преговорите во однос на ова прашање за ДУИ беше на максимално ниво одговорноста во однос на овие прашања и мојата дискусија беше исто така, тргнувајќи од еден таков дух и верувам дека и вие ја добивте пораката дека овој закон не станува збор за партијата, туку се прави за граѓаните односно на оние кои што го говорат албанскиот јазик, но и на останатите. Што се однесува до законите кои што минаа на Владата, јас како тогашен член на Владата ја имам одговорноста што беше дел од дебатата, она што го спомнавте тоа не беше дел, а ако беше сигурно дека Закон за полиција имаше и имавме еден предлог за полицијата, не го прифативме, а вие за жал, бевте приморани да го приморате тој Закон за полицијата. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Реџепи Даут, повелете.

**Даут Реџепи:** Ви благодарам господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници.

Јас ќе почнам во врска со оваа точка и можам да констатирам дека е доста чувствителна точка за општеството, посебно за Албанците и ќе почнам со тоа што претходните говорници констатираа една нервоза кај господинот Матоши и ова е многу едноставно, така што јас успеав да дојдам до заклучок, бидејќи чувствителните прашања бараат поголема одговорност. Имаме конкретен случај со господинот Матоши кој е одговорен, имајќи го предвид неговиот придонес од аспект на националното албанско прашање и е сосема нормално тој сноси поголема одговорност, отколку ладнокрвноста и потсмевајќи се другите и не знам што значи и не држи тоа чувство бидејќи добил една столица со крвта на другите, со тие кои имаа идеал и очекуваа конкретни резултати. Сето ова го задушува тоа што во продолжение се претендира и се говори и се придобива од жртвувањата на искрените граѓани, од жртвувањето на луѓето кои беа спремни да се жртвуваат за подобри денови и подобра иднина или за националното прашање, или за национално ослободување како што беше замислата во 2001 година. Овде има многу договори, овде се случуваат разно разни сценарија, овде се прават разновидни вградувања во шемите на старите режими како креатори и под команда на поранешните југословенски модели или на моделите на УДБА која продолжува да опстанува пиејќи капка вода и од Белград и денес. За жал, велам за наша несреќа. Овде нема правилно судење, овде не се трудиме да усогласиме ставови, не се трудиме да усогласиме еден соживот за секој да има свој простор за да го дише својот воздух, но овде се прават споредби.

Се извинувам јас немам ништо и не сакам да говорам лично со име на пратениците од ДУИ, но ќе говорам и ќе комуницирам со ДУИ како политички субјект и не гледам ниту еден пратеник кој има тежина и може да има одговорност да одговори за неколку настани или за настаните кои сега еве шест години се гледаат на политичката сцена во Република Македонија.

Затоа, сакам да нагласам и да дадам едноставна и банална споредба каде се споредува 2002 со 2006 година. Ние знаеме и пред 1998 година ја знаеме состојбата и политичките настани или уште од 1990 година наваму, ги знаеме политичките настани од 1946 и од 1956 и од 1981 година и наваму. Но, овде работата се измени во 2001 година и кој го сноси овој багаж има одговорност, обврска да излезе на крај, а не да манипулира уште полошо да ги оштети само за да ги исполни своите проекти, како што беа тие на Чуриловиќ од поранешните години. Значи, каде се бранат и каде се штитат вредностите од кој аспект, во кој период ги заштитивте и одбранивте вредностите на кои вас ви ги обезбедија овие столови. Не, исправете ги работите, бидејќи не сносите одговорност. Жалам за ова, некој друг треба да сноси одговорност за тоа, вие правите разни девалвации, минимизирајќи ги истите уште во измената на преамбулата, уште од територијалната организација, уште од законот за знамињата, како и во официјализацијата на Тетовскиот универзитет. Можеби судбината ме доведе да бидам и актер при основањето и заштитата на првите часови на Тетовскиот универзитет и ги знам многу добро некои работи, па затоа барам да не продолжите во име на заштита или во име на поранешните борци на ОНА, бидејќи само го оцрнувате тој имиџ, за кој многу млади момчиња се потрудија да му дадат правилен имиџ, една правилна ориентација на таа војна која денес ја употребувате за ваше дневно политички цели. На селективен начин вие денес продолжувате да инкриминирате добри момци во криминални групи, во валкани бизниси а потоа да ги употребите во вашата условна политика и уште повеше во продолжението на последните настани, имајќи многу индикации дека продолжувате да манипулирате, не создавајќи ниту еден заштитен механизам за истите. Денес е за чудење, бидејќи после толку години и по толку извори кои се реализираа, продолжувате да манипулирате и продолжувате да се повикувате во име на поранешните борци, обезбедувајќи за вас столици и на луѓето кои имаа книшки на СДСМ и на луѓето кои биле членови на Комунистичката партија на Југославија и разгласувате дека играте со вредностите, сите овие договори паѓаат во вода што сте ги склучиле. Денес излезе нов договор, Мајски договор со таа содржина, со една бедна содржина, посебно со законот за семејствата на паднатите борци. Кога вие бевте овде, Законот помина за бранителите на Македонија пред ваши очи и на вас ви се виде како ништо да не се случило, ги цензуриравте сите медиуми го цензурiravте целиот печат и не се крена прашина за тоа. Денес ја враќате агендата за оваа тема. Како не се срамите, да се повикате сеуште на момците кои денес се под земја, во име на тие семејства кои живеат од тоа што некој ќе им подари и сеуште продолжувате со вашата политика да ја правите во нивно име, со каква политика, каква националност гледате. Го чекаат Бајрам нивните семејства некој да им однесе нешто за да купат нешто на нивните деца, да купат тетратки и моливи. Вие може, господа, да склужувате разни договори, но го сте го заборавиле еден договор, Договорот од март 2001 година. Тој Договор го заборавивте, но требаше да го заборавите, бидејќи одите паралелно со партнерот. Многу сакате да се вградите во старите шеми. Ова е сосема јасно, еве тука е и командантот и често ви ги дава тие инструкции, не успевате да правите автономна политика најмалку да се заштитат неколку точки во однос на тежината која може да се нарече албанска. Да не влегуваме во текот на кампањата да говорите за изборните списоци кога имавте чуден микс, еден чуден југословенски модел за братство и единство.

Почитувани господа, да се вратам со име и презиме, немојте да се споредувате од 1998 година, 2002, бидејќи е срам и можеби имаше лоши работи направени од ДПА во тоа време. Јас знам дека има направено и добри работи, но многу лоши работи видовме од 1998 и пред тој период од 1990 до 1991 година. Но, многу функционери од тој период денес се за чудо во ДУИ кој го носат приматот од војната. Сите станаа борци, сите станаа ОНА. Каде е ОНА, кажете ми. ОНА бев и јас и многу пријатели шест години во државна опсада, измислувајќи разни обвинувања, станавте дел како месото и коската на службите, внесувајќи се во црни листи секојдневно, лажејќи го и меѓународниот фактор. Денес ми се продавате како патриоти, вие сте ОНА или еден дел од вас. Не, господа, жалам и кога работите се враќаат на место за да го издигнеме нашето ниво на нашето општество, за да живееме како луѓе во 21 век, ние се враќаме да се занимаваме со знамето. 1968, 1981, 1984, сите овие години имаме проблеми со знамето. Вие бевте на власт. Потоа, националното знаме и што се случи. Кој го избра во 2005 овој Уставен суд, под команда кој може да биде овој Уставен суд.

Тоа е факт. И денес вие со доаѓањето на Сталин на валст се трудите да создавате тензии и кризи во име на чувствителни национални прашања. Но, не ние како ДПА и јас како личност мислам дека проблемот на знамето е завршен проблем. Нема да има сила никој да го забрани тоа знаме. И на овој начин, но и со закон. Албанците заборавија да се плашат и да биде со сантиметри, како што се сеќавам покрај Југословенското знаме. Значи сме имале право и порано да го употребиме знамето, но беше паралелно со Југословенското знаме. Од тоа време, од времето на социјализмот и до колку беше најдолгиот човек кој го држеше албанското знаме, кој одеше 60 дена во затвор бидејки знамето беше малку повисоко над Југословенското знаме. Оваа состојба сакате ли

да ја вратите повторно. Ова не е во ред, но јас се надевам и убеден сум дека ние ќе донесеме закон кој ќе биде доживотен закон за употребата на националните симболи.

Друго прашање од големо значење и е промотор на сите процеси, посебно на политиката на албанците во целост, некој зборува со зборови, некој со работи, но работите ќе се видат. Прашањето на албанскиот јазик не може да се занимаваме ти зборувај албански, а немој да зборуваш на друго место бидејки е забрането. Не, или ќе имаме закон за кој имаме модели од напредните западни држави, или го имаме моделот на Косово каде што нема ниту еден Србин, а цела администрација е тројазична, нема теорија да добие, или имаме модели кои треба да се вградат, но одговорноста беше ваша бидејки вие во име на крвта говорите, во име на војната зборувавте. Вие ги задушувате истите вредности. Вие ги наполнивте затворите со момци кои треба да исполнат еден амбар за да ви го направат ќеифот, или да го издигнат вашиот рејтинг и на партнерот кој беше и продолжува да биде во својот облик во неколку значајни минситерства и со голема тежина на оваа држава кои знаат да создадат такви состојби. Значи е стар Југословенски модел и јас го стигнав како генерат, старите генерации знаат многу добро и овде нема ништо. Ако одиме поинаку да имем автномна политика секој субјект за да изградиме нешто добро ќе биде се во ред, но не да се олицотвориме да бидеме фербилни како што беше во времето на Глигоров, одеа албанците и велеа дека се многу добро. Ние сме оаза на мирот и после излегуваат сосема други состојби, катастрофи. Излегоа маските и се е на виделина. Излегоа на виделина, како што имаме проблеми од тоа време. Но, сега имаме нова страница и овде треба да направиме и да кажеме стоп.

Актуелизирањето на ова прашање бара решение, но не со договорите како што се случија, со измените на преамбулата, преговорите, како што беше пописот на населението. Ние за 10 години од 21 не сме се зголемиле, станавме само 25%. Не со договорите како беше територијалната поделба, со енклави, ниту во времето на Кралевината не сме имале такви нешта, денес постојат некои општини, но тие изгледаат како градскиот појас. И изедовте на една друга општина тие ингеренции. Не може да се дозволи да се говори во име на вредностите од војната, најмалку во овој Парламент. Се додека денес има стотици години затвор на млади момчиња кои дадоа придонес вие денес да бидете или монизмот на еден ваш дел кој се во канцеларијата на Бранко Црвенковски, кои се регрутирани кај Фрчковски и другите, тој денес во име на моите соборци, кои денес трујат и оставиле сираци да им се обезбеди фотељата и да говорат во име на таа крв. Каде сте го виделе вие овој филм, каде го пишува сето тоа. Ова е срам и беда, не говорам за да политизирам овде, но ова што ме воведе да говорам е чувствата и емоцијата и нервозата што за разлика од вашиот потсмев и сум принуден од оваа говорница да говорам, имам обврска кон тие слоеви кои денес, не семејства на паднатите борци, туку тие во реалност се питачи и очекуваат кој ќе им даде, ќе им ја подаде раката и ќе им даде нешто за нивна егзистенција.

Затоа кога говориме за ова треба да имаме многу факти пред нас. Да не заборавиме дека Тетово и дел од Скопје, но и други места го направија како фалуѓа, како гробница. Мнозинството од тие момци придонесоа за неколку дами и игоспода кои немаа никакви проблеми да им ги обезбедат фотељите и бенефициите и кога доаѓа до израз, се сретнуваш со една личност, со патерица или без нога, без рака или без екстремитет претходно ќе се сретнеш со некој бизнисмен, или со едно име, со една биографија или познавање од јавноста кој до вчера беше против интересите на албанците или еден шпијун, како би го кажал буквално. Значи, шпијуните дојдоа во партијата да имаат предност од инвалидите кој немаат можност да влезат во канцелариите на луѓето кои требаше да бидат надлежни да ги прифатат за да им излезат во пресрет на овие граѓани.

Затоа ве молам бидете внимателни во вашите договори кои ги склучувате, бидејки овој договор или оваа точка која говори и е во однос на статусот на семејствата на паднатите борци заборавтете го тоа. Не може да се наречат тие несреќни луѓе. Јас не ве земам за виновен вас бидејќи не сте знаеле како да ги наречете, бидејки не го прифати тоа вашиот партнер. Бидејки вашата политика говори поинаку овде со меѓународниот фактор, а со народот сосема поинаку. Вие ја вративте политиката, ја направивте, дека војната почна да се брани Македонија, да се брани интегритетот на Македонија. Од кого ја браневте. Јас не знам дека сум ја бранел македонија. Еве да ви кажам вака. Јас не сум ја бранел македонија. Јас се борев со вооружените сили на Македонија и ова е реалност, имаше две страни во таа борба и се постигна договор што значи дека ќе има рамноправност на страните. Денес ние што направивме. Во ред, бранителите во ред и тие беа бранители, зошто не, тие го заслужуваат тој статус, но заслужуваат и другите кои дојдоа и направија измени. И нивната крв заслужува да има статус. Но ова не се случи тогаш. Мислев да кажам кој ја продава таа крв, излегов да кажам кој го предаде тој идеал, некој треба да положи сметки. Не да собирате пари од фирмите и да им дадете на паднатите борци за подршката на нивните семејства и после да гради палати. Не да собираме фондови по Запад и да се злоупотребат иститре. Во име наводно за плати, но селекционирани и тоа за еден краток период. Овие работи јас ги знам многу добро. Каде отидоа сите овие средства, зошто сеуште се продолжува да се манипулира со поранешните борци на ОНА. Каде се заштитните механизми. Каде и кога од страна на минатата Влада се презедоа мерки кон полициските органи за пречекорувањето на нивните надлежности, како што беше случајот со новинарот на Алсат кога се презедоа мерки за

пречекорување на должностите. Значи, кога сте го направиле ова вие. Во приведување на Гураби Нухиу се ранија и двајца други, ниту една експертиза не се направи. Случајни лиѓе зборуваат. Разно разни местења и масовни убиства токму на поранешните борци, затоа што барале едно право за една вистина и тука функционираше црната рака. Овој дел кој под Чубриловиќ, Ранковиќ, Милошевиќ е соодветен број за кој констатира дека овде е спроведен проект, исчезнувачки проект на албанците. За разлика од 1981 година кога според предрасудите според тие сништа на полициските инспектори на УБК или на КОС зедоа една личност, како што се во вашата средина и нашите поранешни затвореници кои претпоставија дека овој може да биде иредентист и ајде монтирај го процесот и затвори го човекот Овде е сосема поинаку. Овде луѓе од Генерал штабот на ОНА комплетните листи на формациите ги поднесе на Државната безбедност кој е директно под диригенство на Претседателот кој овие го направија за Претседател и еве ни го резултатот. Заинтересирајте се, отидете по граничните премини во компјутери се сеуште постојат сите поранешни борци на ОНА и тие имаат податоци како ќе се постапи врз тие лица. Колку се тие опасни, некој повеќе, некој помалку и т.н. Во согласност со нивната опасност треба да се преземат мерки.

Дозволете ми да привршам, имам уште многу нешта да кажам, но треба да бидеме внимателни, умерени затоа што кога ќе дојде работата за теми со одговорност одговорните луѓе седат во канцеларии и ве пуштаат вас кои не ги познавате работите одблиску. Затоа бидете внимателни, немојте да заборавите дека имате договор во 2001 година со борците кои се бореа за измени, за ослободувањето на албанците. Ова немојте да го заборавите. Сите други договори може да ги кажувате и да ги пазарувате, но да имате договор за тие кои се под земја и позади нив оставиле денес и без да говорат воопшто бараат отчет и сметки. Ова нема да се толерира и нема да се дозволи, бидејќи тие момци еден ден ќе ви го вратат како бумеранг сето тоа, на сите тие кои тие ги сметаат како одговорни на бедата или на степенот на бедата, невната беда. И јас ќе направам се од мое име овие лица кои го дадоа својот придонес, кој го дадоа најсветото, нивниот живот во име на идеалот кој го имаа ќе се потрудам да бидам лојален и на нивниот завет, но за жал или за среќа јас го немам приматот на војната. До колку се говореше за мене ќе беше сосема поинаку, затоа бидете внимателни. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Три минути за реплика пратеник Сафер Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Благодарма потпретседателе.

Со внимание го сослушав колега, бидејки не спомна имиња нема да споменувам ни јас име, од колегијалност нема да споменувам имиња.

Врз основа на она што го дискутираше, врз два три типа во форма на власта и во форма на позиција, опозиција нависитна беше дискусија која што немаше никаква врска со дневниот ред, но како и да е ќе беше добро кога зборува некој за партијата на која припаѓа е добро да ја види во практика и врз основа на меѓународни институции кои прават рејтинзи се знае добро која партија има најдобар рејтинг во Република Македонија и врз основа на тој рејтинг кај граѓаните таа политичка партија треба да стартува и да дискутира онака на еден критичен начин.

Добро е на пример што се спомнаа бившите припадници на ОНА како биле третирани. Јас сакам да го потсетам, колегата многу добро знае дека во 2001 година или што го спомна мајскиот договор партијата на која припаѓате знаете како ги етикетира тие договори и како ги етикетираше вашите колеги, вашите припадници на ОНА. Не сакам да го спомнувам тоа бидејќи треба добро да го знаете.

Второ, спомнавте еден полудржавен универзитет - Тетовскиот, можеби е полудржавен, но добро знаете дека ДПА дојде на власт во 1998 година како резултат на Универзитетот, бидејќи беше дозволено да се зборува само на албански. Немам ништо против дека треба да имаме повеќе резултати, но за да не се легализира Тетовскиот универзитет со вашата партија настана Универзитетот на Југоисточна Европа.

Вие ја спомнавте и УДБА. Се согласувам со вас дека УДБА-та ги формираше политичките партии за свои цели 1994 година беше формирана една албанска партија од страна на тајната полиција на Македонија под директна ингеренција на Југословенската полиција.

Што се однесува до статусот на ОНА, јас реков 60 дена по вашето доаѓање вие рековте и ветивте дека ќе го решите проблемот на бившите припадници на ОНА. Јас реков дека е многу искрено, дека тоа треба да го направите.

Што се однесува до одбраната на знамето институционално и т.н.,како се бранеше знамето. На три плоштади се бранеше знамето. Од ваша страна беше брането знамето во една сала со музика, со играње и т.н. Како се брани знамето, добро се знае. Ви благодарам многу.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика за пратеникот Даут Реџепи, повелете.

**Даут Реџепи:** Жалам, бидејќи ти си неодговорен за да се сконцентрираш на овие теми, ти веќе не си во овие текови ниту имаш тежина во врска со темите за кои расправаме господине. Знамето не беше загрозено од никој на плоштадите за да се брани со децата од училиштата, бидејќи не смееше да се егзекурира таа одлука на Уставниот суд на кој суд им наложивте да ги укинат тие членови.

Второ, статусот или борбата која беше, а ти не си бил во овие текови, можеби си бил многу мал или не си можел да бидеш во тие групи или во тие средини. Една борба треба да се направи во цела Југославија каде беа албанците за ослободување

на албанците. Оваа борба се случи во владеењето на ДПА, можеби требаше и во 1997 година да има војна или во 1994 година да има војна, но тогаш беше времето и требаше да се направи војна. Ти не ги знаеш овие работи, има други поодговорни луѓе да говорат за тие нешта. Немој да навлегуваш во тоа како ти диригираат, бидејќи не ти е местото во овие нешта.Во ред?

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со расправа.

Има збор господинот Блерим Беџети, повелете.

**Блерим Беџети:** Ви благодарам господине потпретседател.

Јас на почетокот ќе поздравам една одговорност која почнува да ја искажува ова парламентарно мнозинство со Предлог-законот за Комитетот што е на дневен ред, што е иманентна потреба на Република во согласност со волјата на граѓаните на Република Македонија кои длабоко се заинтересирани нашата земја да ја видат во структурите на НАТо и на Европската унија.

Се надевам дека овој Предлог-закон е на таков пат или како обврска на Охридскиот договор, тој е придонес, еден од условите што ние Република Македонија треба да ги исполниме за да станеме дел на оние сојузништва, сите ние заедно треба да се охрабриме, да продолжиме вака да работиме во интерес на интегрирање на земјата. Секој има право, можеби овој закон не требало да дојде или да се дебатира, но искуството не демантира во однос на ова. Сите сме сведоци дека овој закон доаѓа како последица, како резултат на непочитување на сегашното мнозинство на уставните амандмани односно на Уставот, на постоечките закони и во политѕичката криза во која навлезе Република Македонија ние имаме еден мајски договор кој помага на Република Македонија. Ова не го велам само јас, не го велат само пратениците Албанци или Македонци и на другите етнички заедници. Не сакам да спомнувам имиња поради коректноста на странските меѓународни дипломати кои со свои декларации јавно велат дека треба да се исполнат обврските кои произлегуваат од мајскиот договор. До колку е така, а така е, тогаш ние теба еден ден порано да се зафатиме со работата со една сериозност и една одговорност двострана меѓу субјектите кои го постигнаа овој договор и на сите останати субјекти заради фактот што е во интерес на граѓаните и на државата.

Исто така сакам да ја охрабрам Владата односно ВМРО-ДПМНЕ како што дејствуваше со прифаќањето на амандманот каде вели сите идни закони кои се однесуваат на употребата на јазикот, образованието, личните документи, култуерата и употребата на симболите Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните гласачи кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Спорот во врска со примената на оваа одредба го решава Комитетот.

Ова го прочитав заради тоа што тоа за мене е многу значајно. Овој уставен амандман постоеше и пред да се постигне овој мајски договор и оттука констатирам со право дека се изгуби многу време некој да се убеди дека треба да се испочитува и овој уставен амандман. Му одговара или не на некој друг, тоа е напишано во Уставот на Република Македонија.

Договорите во било каква форма треба да се почитуваат, да се испочитуваат, во овој случај и заради една реалност која постои во Република Македонија. Ние, сакале или не, Македонија е мултиетничка држава, мултиконфесионална и ќе градиме стабилна Македонија тогаш кога ќе ги почитуваме јазикот, знамето, културата и се друго што се посебности на етникумите во Република Македонија. Тоа треба да го направиме без никаков срам, туку со гордост онака како што ја има избрано Господ Македонија мултиетничка, мултиконфесионална, тоа е една наша реалност и ден порано ние и во практика да го докажеме тоа. Тогаш ќе бидеме многу поефикасни како извршна власт, како Собрание, како граѓани дури и во економската сфера на земјата затоа што само со една политичка стабилност што е основа на почитување на етникумите ќе се дојде до економски просперитет, до една благосостојба, социјална, економска за сите граѓани на Република Македонија.

Со реализацијата на мајскиот договор не добиваат само Албанците во Република Македонија. Со овој закон за Комитетот не добиваат само Албанците. Вие не треба да гледате со страв господа колеги од македонската заедница, не треба да гледате со страв на реализацијата на оваа точка, на овој договор. Вие треба да го помогнете и ден порано да го поддржите и да ги реализираме овие обврски. Не само оваа точка од дневен ред на која сме денеска, туку и останатите точки што ќе следат како резултат на исто така тој мајски договор и многу кнотрадикторната точка во однос на паднатите борци и инвалидите и законот за јазиците исто така се спомнува во уставниот амандман. Со него нема да пронајдеме нешто ново. Со тоа ќе решиме еден реален проблем кој постои во Република Македонија од 2001 година наваму.

Овде не постои простор и потреба за нервоза. Политиката ова го има. Инаку, ние не сме нихилисти. До колку некоја друга политичка опција, една друга политика групација има решение и тоа многу подобро за Албанците нека го објави, а не со празни зборови дека Албанците се сити од зборови. Време е за разрешување на проблемите, време е на елиминирање на проблемите за да се исполнат реализациите ние имаме разни ветувања од 1991 година, па до денес. Не се рализирани. Само во овој дух, во оваа процедура заради коректноста би замолил во Собранието да бидеме многу поефикасни во реализацијата на сите обврски кои стојат пред нас затоа што одговорноста ја има Владата, тоа е точно, одговорноста ја има парламентарното мнозинство, но со погрешни дејствувања се ризикува евроинтегрирачкиот процес, процесот на

интегрирање во НАТО. Сите субјекти во Парламентот и ние што ги добивме и оние што ги изгубија ветивме дека ќе се нагажираме Македонија да ја зачлениме во НАТО, да се добие датум за преговори како што беше добиен статусот кандидат на Македонија во Европската унија да се добие и датум на преговори, разговори со Европската унија и еден ден Македонија да биде дел од големото европско семејство и на северноатланската алијанса.

Во интерес на времето, со ова ќе го завршам мојот говор, со надеж дека во наредните денови што побрзо ќе дебатираме и ќе бидеме во состојба уште еден животен проблем во овој случај за Албанците и за граѓаните на Република Македонија по оваа точка ќе дојде на дневен ред и ќе дојдат и другите нацрт-закони кои се дел од мајскиот договор. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Три минути за реплика господинот Ружди Матоши, повелете.

**Ружди Матоши:** За да и биде јасно на јавноста, бидејќи денеска имаме една политичка партија која попуштала во минатото - ДУИ и попушта во однос на јазикот.

Да објасниме нешто на нашите граѓани, бидејќи политичката сила ДУИ затоа што колегата кој говореше со мешан политички идентитет, не му се знае политичкото потекло е манипулант на гласот на ПДП и се повикува на име на тие гласови. Тоа е човек кој го предал гласачкото тело на ПДП.

ДУИ како политичка партија таксативно треба да го утврди пропустот кој го прави за акутните прашања во однос на Албанците.

Уште еднаш ќе повторам, кога јас бев во опозиција, кога овде се направи Законот за бранителите Македонци беше добро да биде непопустлив и да се нвесат борците Албанци. Но, тоа не се случи. Беше добра можност албанскиот јазик да добие добар третман со Законот за патни исправи, но и тоа не се случи. Се направија не добри работи.

Исто така беше добра можност работите да течат подобро. Но, тие предложија Нацрт-закон за јазиците од тогашниот министер на ДУИ, а тоа е еден голем срам. Тој не коинцидира со барањата на Албанците, со брањата на Охридскиот рамковен договор. Таа политика во континуитет се забележува и ден денеска. Еве, тоа што го правеле порано го прават и денеска. Нашата агенда е утврдена и тоа дефинитивно во однос на политичкиот процес каде треба да оди Македонија. ДПА во ниту еден момент, во ниту еден случај нема да попушти и нема да попушти. Или ќе имаме правилно толкување на барањата на Албанците или не може да одиме понатаму. Со политичари како овие од ДУИ кои го ставаат под знак прашалник идентитетот на Албанците како што беше Теута Арифи филозофирајќи со разни поими, не можеме да одиме напред. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Една минута контра реплика за пратеникот Блерим Беџети, повелете.

**Блерим Беџети:** Јас ќе контрареплицирам, но искрено не разбрав каде е репликата дали во однос на она што јас говорев или сакаше да се пријави.

Ние, нашата парламентарна група, без оглед на партиски, политички определувања во рамките на непочитување на Охридскиот договор ние создадовме наша агенда и имаме мајски договор.

Господине Матоши вие сте во власт иако не сте победиле на изборите кај Македонците. Година ипол не сте донеле ниту еден закон со национален карактер за Албанците од страна на парламентарното мнозинство.

Со самиот факт дека во Македонија живеат и Албанците беше време од година ипол да се донесе барем еден ваков закон. Вие докажавте дека не сте го направиле тоа. Ви благодарам мнмогу.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Почитувани колеги, овде ја прекинувам денешната работа.

Продолжуваме во понеделник во 11.00 часот.

Имајте убав викенд, пријатно.

(Седницата прекина со работа во 16,59 часот)